Врз основа на член 384 став 2 точка 3, а во врска со член 483 од Законот за трговските друштва, член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, како и одредбите од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), **Годишното собрание на Друштвото за деловната 2015 година**, на својата седница одржана на **09.05.2016 година**, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за распоредување на добивката**

1. Друштвото има остварена нето добивка во деловната 2015 година во износ од **239.907.978** денари. Добивката во износ од **239.907.978** денари ќе се распореди на следниот начин:

    – резерви на сигурност **79.969.326** денари,
    – дивиденда **145.337.324** денари,
    – инвестиции **14.601.328**. денари,

2. Друштвото има нераспоредена нето добивка од 2014 година во износ од **40.678.836** денари. Добивката од **40.678.836** денари да се распореди:

    – дивиденда **23.291.998** денари
    – нераспоредена добивка **17.386.838** денари

3. Друштвото има нераспоредена нето добивка од 2013 година во износ од **23.089.607** денари. Добивката од **23.089.607** денари ќе се распореди

    – дивиденда **20.780.646** денари
    – данок на добивка **2.308.961**денари

4. Оваа Одлука ќе се објави на официјалната интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.

5. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.

6. Оваа одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

ГОДИШНО СОБРАНИЕ
**Претседавач**

________________________________

**Татјана Димов**